Билјана ВАНКОВСКА

# МАКЕДОНИЈА КАКО ЗАЛОЖНИК НА КОМПРАДОРСКИТЕ ЕЛИТИ: ИМА ЛИ ИЗЛЕЗ ОД БЕЗИЗЛЕЗОТ?

## Вовед

Како современик, и особено како хроничар на современата македонска држава (колумнист кој веќе четврт век ги бележи настаните во колумни), најголемиот предизвик пред себе го откривам во напорот да се надвладее очајот и песимизмот. Научникот инсистира на студена и објективна анализа, би рекле вивисекција (колку и да боли) на општественото ткиво кое се распаѓа пред нашите очи. Тој бара и решенија, но антиципацијата е неумолива. Интелектуалецот и активистот се држи до начелото на Антонио Грамши: песимизам на умот, но оптимизам на волјата. Впрочем, такви се и напорите кои веќе петнаесет години ги вложуваат луѓето собрани околу иницијативата Македонски манифест. Веројатно, тоа е точката на допир помеѓу мојот академски и друг (индивидуален) ангажман и нивниот, па затоа и мојот труд во оваа збирка. Ќе одбележиме еден јубилеј, кој никако не може да нè радува, бидејќи онаа што нè збира, никако не се опоравува од сите внатрешни и надворешни несреќи што ја имаат навјасано низ децениите. Сепак, и овој мисловен запис треба да остане како споменик на нашето дејствување низ години кои ќе се покажат како критични за опстанокот на Македонија како современа држава.

Дилемите околу изборот на темата на овој запис беа бројни, а сепак се чинеа дека тргнуваат и завршуваат во една иста точка. Од кој пат да се тргне во анализата? Кој аспект на размакедончувањето е најважен и пресуден? И конечно, имаме ли решенија, покрај дијагнозите? Некој кој зад себе има илјадници страници посветени на вакви теми има проблем да каже нешто ново, нешто што досега не го апострофирал. Во конечната одлука ми помогнаа разговорите

со еден брилијантен млад астрофизичар, кој постојано ме потсетува на коренот на проблемите: зависноста, неоколинијализмот со кој се соочуваме и помошта на која колонијалните господари се потпираат и која доаѓа однатре. Оттука, главната теза на овој прилог е откривање на „виновникот“, или поточно соучесникот во операцијата на разградување на државноста.

Да се разбереме, во современиот меѓународен империјален контекст, Македонија не е никаков исклучок. Таа е еден од бројните примери како мали и слаби нации бидуваат подјармени од моќните. Тоа, секако, не е никаква утеха за нас, луѓето што го сочинуваме ова општество, бидејќи одговорноста е наша, на нашите генерации, за сè што се случува. Најлесно е да се покаже со прст кон другите, кон оние кои имаат свои агенди, па Македонија ја третираат соодветно на нивните интереси. Многу посуштествено е прашањето: зошто ние не успеваме да одговориме на таквите притисоци? Каде лежи изворот на нашата слабост и немоќ да се спротивставиме на потфати кои очигледно не носат никаква полза ниту на денешните, ниту на идните генерации? Одговорот бара поопсежна студија, но за оваа прилика ќе понудиме само скица/нацрт на она што треба да се постави на цврсти основи. Таквиот потфат е компасот кон излезот од безизлезот, бидејќи без откривањето на причините не може да се најде решение за последиците.

## Поим на компрадорски елити

Интересно е што малкумина во македонската академска и друга интелектуална јавност го имаат посочено проблемот на компрадорските елити. Впрочем, тоа е случај и во другите постјугословенски општества, чија жална положба не се разликува (пре)многу од македонската (колку и да мислиме за себе дека сме уникатен случај). Ако се ослободиме од стегите да размислуваме само за себе и сличните на нас, ќе заклучиме дека станува збор за глобален процес. Добрата вест е дека на таквиот вид на англосаксонска империјална глобализација ѝ доаѓа крајот (почетокот на крајот беше 2022 година), но лошата вест е дека исходот е неизвесен, како и цената што ќе треба да се плати за конечното редефинирање на новиот светски поредок (или поредоци, ако се сложиме со плурална парадигма).

За да не одиме предалеку во историјата на колонијализмот (нешто што бара повеќе простор и истражување), овој осврт ќе го почнеме со наводниот триумф на либерализмот и „крајот на историјата“ по падот на Берлинскиот ѕид. Навистина ѕидот падна, но малкумина се запрашаа на чии глави паднаа блоковите од кои беше изграден. Напротив, ентузијазмот беше подигнат на највисоко ниво, па беше прогласена слобода на угнетените. Но, за да дојде до тоа, како што рекоа западните демократи, мораше да се разгради сè за да се издигне одново – по ликот на Западот! Тоа значеше целосна и темелна преобразба на економијата, општеството, државните институции, образованието, здравството, итн. Во тој наводен „марш на демократијата“, како што убаво забележа хрватскиот филозоф и публицист Борис Буден, за луѓето од нашите општества настана ера на инфантилизација. Со други зборови, сите (без оглед на возраста, знаењето, искуството) бевме претворени во „деца“ кои треба да ја учат азбуката одново, дури и за работи кои претходно биле добро познати. Таквиот потфат не можеше да се спроведе без внатрешна помош, најнапред од политичките и бизнис елитите, кои бараа и сакаа брза „интеграција“ со Западот, а потоа се придружија и медиумите, академската заедница, интелектуалците, и особено невладиниот сектор.

Но, да се вратиме на почетокот: што се тоа компрадорски елити? Под елити се подразбираат општествени групи со посебен привилегиран статус во општеството, кој им носи одреден капитал (кој не мора да е лукративен), што им овозможува да располагаат и со општествено влијание и моќ. Зборот компрадор потекнува од шпанскиот јазик, а историски гледано, означува вид на актер, чинител, домашен посредник помеѓу некоја странска компанија и домашните трговци. За своето посредување, компрадорот бил обично награден со процент од добивката на странскиот газда. Можеби најилустративен пример за ваквото дејствување била Кина од 19 век, за потребите на трговијата со опиум. Компрадорот може да ја врши својата дејност, меѓу другото, благодарение на општествените врски, познанства, познавањето на домашниот пазар и менталитетот. Резултантата е јасна: модерните компрадори се дел на елитите на моќ во општества кои се во колонијален однос со моќните надворешни фактори. А моментите на транзиција (што е друго име за неоколонијализмот на Западот), како онаа по падот на Берлинскиот

ѕид, кога станува збор за регионалните компрадори беа идеалниот амбиент за нивно етаблирање, дури и ако претходно не биле дел на домашната елита. Поконкретно, клучниот момент кој ја детерминираше зависната и колонијална позиција на Македонија, како дел на европската периферија, беше трансформацијата на општествениот во приватен капитал. Грабежот требаше да се легитимира, па затоа „војската“ составена од компрадори од најразличен вид и со различни вештини, стапи на сцена – за таму да остане повеќе од 30 години. Еден од последните примери е криминалниот ангажман на градежната корпорација „Бехтел и Енка“, чии посредници се токму највисоките претставници на владата. Тие го сочинуваат првиот слој на т.н. деловна и политичка компрадорска елита. Но, таа не е доволна, бидејќи битката се води не само за освојување на умот и срцето на народот, туку и за идните генерации. Затоа, потребен е и вториот слој на компрадорска елита, која ќе го легитимира процесот на донесување одлуки на највисоко државно ниво, како нешто што е од полза за сите, и за кое мора да постои консензус. Секое критичко мислење се смета за назадно и опасно. Основната задача на компрадорските елити се состои во создавање уверување кај домашното население дека прогресот на заедницата зависи од постепеното предавање на сите ресурси (економски, политички, па и културни) во рацете на странските елити, кои знаат подобро и кои се поумни. Во нашиот контекст, оваа операција се води со претекст за европски и евро-атлантски интеграции, коишто добиваат статус на религија.

Но, за волја на вистината, зафатот е многу поширок, бидејќи дури и во т.н. развиени западни демократии човекот живее и работи под влијание на збир на фактори на моќ (елити), кои критички настроените истражувачи ги именуваат со еден збирен назив: воено-индустриски-медиумски-академски комплекс. Со други зборови, Левијатанот на корпоративната моќ ги спојува механизмите на репресивна и мека моќ, правејќи контролен механизам врз сите општествени сфери и облици на дејствување. Откако „општествениот консензус“ е произведен (да ја употребиме познатата фраза на Едвард Херман и Ноам Чомски) и следствено применет во западните општества, империјалната моќ бара ширење низ т.н. либерален меѓународен поредок, со сила или со убедување. Овој феномен стана особено присутен во ерата на т.н. униполарен момент на САД (моментот кога оваа држава остана единствена и неприкосновена

суперсила во меѓународните односи). Но, ова беше само кулминација (на чиј крај денес сме сведоци) на една долгорочна колонијална политика на наметнување не само на своите интереси, туку и на својот начин на мислење. Во таа смисла, компрадорските елити во неразвиените земји и земјите на периферијата се покажаа исклучително корисни. Геополитиката на знаењето го елиминираше постепено секој автентичен обид за промислување особено во општествените науки, а следствено беа формирани нови научни елити кои како свештениците на секоја религија го ширеа догматското „знаење“ за тоа што е прифатливо, а што не е, во земјите зависни од центарот на моќта. За нас е особено значајно тоа што ваквиот геополитички пробив во сферата на културното, интелектуалното и научното на удар ги стави сите национални сфаќања за себе си, за својата историја, за општеството и сл. Всушност, маршот на либерализмот требаше да ја амортизира секоја идеја за национално (и патриотско), односно да ја демонизира како национализам и популизам. Армија на активисти, истражувачи и млади луѓе образувани (и идеолошки моделирани) на Запад (или дури и повозрасните кои сакаа да бидат прифатени „таму“, поканувани во проекти и на конференции) почнаа да ја преповторуваат истата мантра. Трговците беа НАТО и ЕУ, а локалните посредници се впуштија во радикална преобразба (наречена демократизација) на општествата од кои потекнуваат. Промената стана видлива не само по ограничениот дискурс и начин на размислување, туку и во речникот и јазикот на комуникација (процес којшто Игор Радев, со право, го нарече англократија). Тоа беше моментот на пресврт во кој сè што беше „локално“ стана заостанато и одвишно, па требаше да се замени со напредно, т.е. западно.

## Распродажбата на Македонија

Беа потребни најмалку три децении од осамостојувањето на Република Македонија, за да се согледа длабочината на последиците од наводната демократизација и ефектите од работата на ситните (венецијански) “трговци“. Првобитниот „грев“ (да употребиме религиозна терминологија) беше извршен во ерата на криминалната приватизација на општествената сопственост. Тој чин, преземен согласно препораките кои произлегуваа од т.н. Вашингтонски консензус, ја етаблираше и легитимираше новата класа на богаташи,

истовремено бришејќи го постоењето на работничката класа, која се претопи во „граѓани“, како што бара либералната филозофија. Во суштина, таа осиромашуваше, ѝ се одзеде не само политичката моќ, туку и елементарната човечка слобода, иако навидум се промовираше корпус на човекови права, на чело со политичките (изборите, првенствено).

Но, истовремено со воспоставувањето и прогласувањето на независната држава, над Македонија се надвисна и помалку заборавеното „Македонско прашање“. И во време кога кај соседите бесрамно се будеа старите националистички апетити и негаторски политики, во Македонија течеше процесот на постепена демакедонизација. Неговите први фази не беа видливи, но тлееја и се ширеа од година во година. Што значеше првата уставна отстапка кон Грција (но и Бугарија во заднината), која настапи само неколку месеци по свечениот чин на прогласување на првиот Устав на независна Македонија? Првата отстапка го отвори патот кон сите кои следуваа и кои од барање прст стасаа до цела рака (да употребиме една народна изрека). Додека Македонците веруваа дека градат либерална држава со македонскиот народ како нејзин конституент, се создаде спрегата на два-три национализми: однадвор, соседите го негираа постоењето на македонскиот народ, а однатре албанскиот политички фактор работеше на сопствено издигнување на ниво на втор конститутивен народ. Интересно е што во таквата спрега, токму македонскиот фактор беше континуирано под притисок и критика дека промовира национализам, па дури и шовинизам. Додека растеа притисоците, речиси истовремени, за уставно редефинирање на државата и за промена на името (а следствено и на историјата), во интелектуалната и јавната сфера настана речиси непомирливата внатремакедонска поделба на „прогресивни“ и „назадни“ сили. Шовизнизмот кај другите беше пренебрегнат или добиваше „европска“ наметка, додека автошовинизмот стана влезна карта за клубот на западните елитни кругови, особено кај интелигенцијата. Македонската политичка елита (о)стана и без (морален или геополитички) компас и без свест за сопствените национални интереси. Интелектуалната предничеше во промовирање разбирање за фрустрациите на другите, и осуда на фрустрациите на мнозинскиот народ.

Поради ограничениот простор, но и поради фактот дека овие настани беа предмет на опсежни научни и други публицистички

анализи на авторката низ годините (а се достапни на интернет), во оваа прилика нема да ги бележиме сите. Она што се чини важно е да се сумира резултатот од ваквите тенденции, а тоа е губење на уставниот суверенитет, сведувањето на македонскиот народ (иако напишан со голема буква, спротивно на правописните правила, во преамбулата на уставот) на една од многуте заедници (во „македонската салата“), ерозија на државноста низ протекторатна демократија и губење на капацитетот за внатрешен отпор и иницијатива за политичко дејствување во насока на одбрана на националните интереси. Со други зборови, периодот на независноста – спротивно на очекувањата – донесе слабеење на националната самосвест, поради двојното дејство на компрадорските елити и немањето моќ на македонскиот народ. Т.н. меѓународна заедница дејствуваше со својата дисциплинаторна моќ на два фронта: со придобивање на елитите и со наметнување на својата културна хегемонија врз јавното мислење, притоа искористувајќи ја немоќта за вршење јавен притисок одоздола, како и внатрешните (меѓуетнички, но и внатрешно-македонски) поделби. Од 2001 година наваму, Македонија стана „договорна творба“, односно стана предмет на договорни односи со повеќе страни, при што македонската страна секогаш беше (или прифаќаше да биде) послабата страна во асиметричен контекст. Така, почнувајќи од Охридскиот рамковен договор, сè до Преспанскиот, па вклучително и тековните притисоци за уште една промена на Уставот по бугарско/француски/европски диктат, Уставот почна да бледнее и да губи на значење. А без устав – нема ни држава!

Во контекст на дејствувањето на компрадорските елити во овој процес, парадоксот е во тоа што во Македонија се слеаја огромни финансиски средства за божемна промоција на демократските принципи, и особено на владеењето на правото, но кулминацијата беше во вид на класична „обоена револуција“. Интелектуалниот, медиумскиот и академскиот дел на компрадорската елита се втурна во зафат кој значеше негација на владеењето на правото (особено со Пржинскиот договор), односно доведе до смена на режим под надворешно влијание (и помош). Иако власта предводена од ВМРО-ДПМНЕ и Никола Груевски страдаше од голем демократски дефицит, сепак набргу се покажа дека Шарената револуција имала за цел идентитетски инженеринг со поставување на кооперативна влада подложна на барањата на надворешните центри на моќ. Во рок од само не-

колку месеци беа „решени“ двете отворени прашања со соседите: отстапки кон Бугарија во врска со т.н. заедничка историја и промена на името по барање на Грција. Надворешниот фактор ја оствари целта: геополитичко консолидирање на Балканот со влез на Македонија во НАТО (бајката за зачленување во ЕУ никогаш и не беше нешто друго, освен бајка).

Во светлина на настаните во Украина нештата стануваат сосема јасни: САД се водечката сила во Европа, а Македонија мораше и формално да пристапи во овој блок, пред меѓународниот поредок сосема да се редефинира во мултиполарен. Состојбата на планот на економијата, социјалата, политичката демократија никогаш не била полоша, но движење „одоздола“ нема затоа што секој обид во таа насока се етикетира не само како националистички, туку дури и како фашистички, па следствено и проруски или прокинески. Се чини, компрадорските елити сосема добро си ја исполниле задачата. Културата на замолчување, цензура или самоцензура доминираат и стануваат образец на однесување. Универзитетот станува испостава на воено-индустрискиот комплекс со ширење милитантна филозофија во орвелијанска смисла, во духот на изјавата на генералниот секретар на НАТО Јенс Столтенберг, според кој патот до мирот води преку оружјето (војната во Украина).

## Има ли излез?

Ситуацијата која беше накусо скицирана во овој труд се чини дека го наметнува заклучокот за безизлезност и безнадежност. Фактите зборуваат дека македонскиот народ и држава никогаш не биле во полоша состојба (особено, ако се земе предвид периодот на постоење каква-таква држава). Списокот на желби од соседите, но и сожителите Албанци, како да нема крај. Македонската страна е во постојана дефанзива (без оглед дали тука мислиме на оние во власта или на тие во опозицијата), поради една единствена цел: уживање во привилегиите на власта! После три децении божем суверена и независна држава, политичката каста е издресирана и знае дека власт не се конституира без благослов од „меѓународната заедница“ (Западот). Своевремено, оваа ситуација ја беше опишал бугарскиот либерал Иван Крастев: власта води љубов со народот, но ѝ е верна на меѓународната заедница. Во внатрешната констелација, king-maker

(клучен фактор во формирањето владејачка коалиција, т.е. конституирање на органи на власт) е ДУИ на чело со Али Ахмети (или поточно, Артан Груби), партија која не само што е водена од албанскиот етнички интерес, туку е и лојална филијала на Вашингтон). Поедноставно кажано, без оглед за кого ќе гласа македонскиот електорат, во власта главен збор (ќе) води албанската компрадорска елита.

Сепак, нештата се менуваат, ако не во Македонија (и Балканот), тогаш глобално. Тектонските поместувања некогаш задоцнето се забележуваат на периферијата, но евидентно е дека Западот е во пад, а новиот светски поредок (или поточно, поредоци) се етаблираат сè порешително. Не треба да има илузии дека овој пресврт ќе се случи преку ноќ, но исто така треба да се знае дека семето на оваа радикална глобална промена е посеано поодамна. Македонската државност е воспоставена во еден драматичен глобален момент. Не е тешко да се претпостави дека таа може да се обнови (или загуби) во некој друг подеднакво драматичен момент. За да се дочека подготвено поволниот миг, на македонскиот народ му треба нешто повеќе од обично повикување на метафората за „пирејот“ (на Петре М. Андреевски).

Парадоксот е што во ера на милитаризација од невидени размери, па дури и закана од Трета светска војна (нуклеарна, веројатно), македонскиот народ нема воена опција за своите проблеми. Но, она што дефинитивно го нема искористено е капацитетот на „културна хегемонија“ (во духот на мислата на Грамши) со која ќе се опира на компрадорскиот наратив за тоа дека „нема друга алтернатива“ (освен Западот и неговото сфаќање на општеството и државата). Да потсетиме, под поимот културна хегемонија Грамши го подразбира процесот на наметнување на вредности и модели на однесувања во политичката и културната сфера. Тој смета дека владејачкиот слој управува со помош на контролата што ја има над културата и медиумите. Според него, оној што владее со културата, владее и со заедницата.

Во македонскиот случај, оваа контрола ја имаат домашните компрадори, но само како подизведувачи на меѓународните. Оттука, приврзеноста за сопствената (локална/национална) култура, традиција, заедница се смета за спротивно на наводната европска вредносна парадигма, иако да биде иронијата поголема, речиси сите европски држави се конституирани како национални држави со национални устави (дури и ако се повикуваат на демос, како во фран-

цускиот случај). Во ваква ситуација, на оние кои не се дел на слојот на „кафеави сахиби“ (да го цитираме повторно Игор Радев) им преостанува да дејствуваат вонинституционално токму во културната и интелектуалната сфера за да го одржат јадрото на автентичната македонска промисла за себе и за светот. Ако „тие“ го држат клучот на културната хегемонија, бидејќи е толку моќна и важна, тогаш и нивните опоненти („ние“) треба да се бориме со слични средства, ама низ алтернативни канали и со алтернативни средства. Додека не се сврти страната на шаховската табла и се создадат услови за повторно легитимирање на сопствената политичка и национална самосвест. Тие имаат компрадорска интелигенција, но тоа не значи и дека се интелигентни (за напредни и да не зборуваме). Македонската битка за тоа како да бидеме свои, што би рекол колегата Бранко Саркањац, и да зборуваме за себе на автентичен начин и начин кој е убедлив и разбирлив за другите (кои нè убедуваат дека не е добро да си Македонец/Македонка), треба и мора да се води низ каналите на културната хегемонија, дури и ако е тоа низ „герила акции“. И иницијативи каква што е оваа на Македонскиот манифест.